ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: д-р Џемали Саити, Ристо Катевеновски, Рахилка Стојковска и Африм Фидани - членови на советот, со судски советник Соња Строимановска - како записничар, одлучувајќи по жалбите на обвинетиот М.Ц. од С., изјавена преку бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., на обвинетиот А.С. од С., изјавена преку бранителот Љупчо Светиев, адвокат од С. и на обвинетиот Х.Д. од С., преку бранителот Светлана Савиќ, адвокат од С., изјавени против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, на јавната седница одржана во присуство на обвинетиот М.Ц. од С., неговиот бранител Еленко Миланов, адвокат од С., а во отсуство на Јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија Џелал Бајрами, уредно известен, по претходно прибавениот писмен предлог на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија КОЖ.бр.45/19 од 20.05.2019 година, врз основа на член 146 во врска со член 440 став 1 член 443 став 3 и член 445 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, бр.100/12, бр.142/16 и 198/18), на ден 23.05.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбите на обвинетиот М.Ц. од С., изјавена преку бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., на обвинетиот А.С. од С., изјавена преку бранителот Љупчо Светиев, адвокат од С. и на обвинетиот Х.Д. од С., изјавена преку бранителот Светлана Савиќ, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, СЕ УВАЖУВААТ.

Решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА и ОДЛУЧУВА:

## I

1. СЕ УКИНУВА куќниот притвор против обвинетиот М.Ц. од С., од татко С., мајка С., роден ………... година во К., со ЕМБГ ………., со лични податоци како во изреката на обжаленото решение, против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-1 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,05 часот до 03.03.2019 година до 06,05 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.58/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,05 часот до 02.04.2019 година до 06,05 часот, преиначено со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.152/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена, сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година во кривичниот предмет против обвинетиот М.Ц. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжена за 30-триесет дена сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за

кривичната постапка. На обвинетиот му е изречено дека се забранува да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул……… Бр….. влез 3 стан број 15, Општина А., С. и му се забранува употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А., при што овластените службени лица од Подрачната ПС во определени временски интервали, ненајавено во текот на 24-часа ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом на наведената адреса во Општина А., С., а за секое непочитување на мерката куќен притвор е задолжена надлежната ПС веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

2. СЕ УКИНУВА куќниот притвор на обвинетиот А.С. од С., од татко С., мајка М., роден ……….. година во К.1, со ЕМБГ ………, со лични податоци како во изреката на обжаленото решение мерката куќен притвор е определена со решение на судија на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-3 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена, сметано од 01.02.2019 година од 06,15 часот до 03.03.2019 година до 06,15 часот, продолжена со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.59/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,15 часот до 02.04.2019 година до 06,15 часот и КИОК-КС.бр.116/19 од 02.04.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 02.04.2019 година од 06,15 часот до 02.05.2019 година до 06,15 часот во рамките на кривичниот предмет кој се води против обвинетиот А.С. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжена за 30-триесет дена сметано од 02.05.2019 година од 06,15 часот до 01.06.2019 година до 06,15 часот поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. На обвинетиот А.С. му е забрането да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на бул…….. број ……. во С. и му се забранува употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А. при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во определени временски интервали ненајавено во текот на 24-часа ќе го проверуваат присуството на осомничениот во неговиот дом на наведената адреса во С. а за секое непочитување на мерката куќен притвор е задолжена надлежната полициска станица веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

3. СЕ УКИНУВА куќниот притвор на обвинетиот Х.Д. од С., од татко Н., мајка Д., роден ……… година во С., со ЕМБГ ………, со лични податоци како во изреката на обжаленото решение против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-4 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,10 часот до 03.03.2019 година до 06,10 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.60/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,10 часот до 02.04.2019 година до 06,10 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.153/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот Х.Д. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично

дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжен за уште 30-триесет дена сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. На обвинетиот му е забрането да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на улица …….. број ….. во населба А., С. и му е забрането употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во определени временски интервали ненајавено во текот на 24 часа ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом на наведената адреса во С., а за секое непочитување на мерката куќен притвор е задолжена надлежната ПС веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

II

1. Спрема обвинетиот М.Ц. од С., од татко С., мајка С., роден ……. година во К., каде и живее, по лична карта на ул………… бр……. во К., со ЕМБГ ……….., македонец, државјанин на РСМ, против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-1 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,05 часот до 03.03.2019 година до 06,05 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.58/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,05 часот до 02.04.2019 година до 06,05 часот, преиначено со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.152/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена, сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година, како и сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година, во кривичниот предмет против обвинетиот М.Ц. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ и тоа:

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот М.Ц. од С., еднаш неделно - секој петок во периодот од 12,00 до 14,00 часот да се јавува во Основниот суд Скопје I Скопје, кај службено лице определено од судот.

СЕ ЗАБРАНУВА издавање на друга патна исправа за преминување на државната граница на име на обвинетиот.

СЕ ЗАБРАНУВА обвинетиот да ја напушта територијата на РСМ.

Мерките на претпазливост ќе траат се додека постои потреба, а најдолго до правосилноста на пресудата, а судот по службена должност на секои два месеци ќе ја преиспитува потребата од траење на мерката.

Доколку обвинетиот не се придржува кон определените мерки на претпазливост судот може да определи друга мерка за обезбедување присуство , согласно член 144 од Законот за кривичната постапка.

2. Спрема обвинетиот А.С. од С., од татко С., мајка М., роден ……… година во К.1, со ЕМБГ ……..., со лични податоци како во изреката на обжаленото решение мерката куќен притвор е определена со решение на судија на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-3 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена, сметано од 01.02.2019 година од 06,15 часот до 03.03.2019 година до 06,15 часот, продолжена со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.59/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,15 часот до 02.04.2019 година до 06,15 часот и КИОК-КС.бр.116/19 од 02.04.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 02.04.2019 година од 06,15 часот до 02.05.2019 година до 06,15 часот, сметано од 02.05.2019 година од 06,15 часот до 01.06.2019 година до 06,15 часот, во рамките на кривичниот предмет кој се води против обвинетиот А.С. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ и тоа:

Од обвинетиот А.С. ПРИВРЕМЕНО СЕ ОДЗЕМА патна исправа - пасош број ……., со датум на издавање од ……... година, со рок на важност до …….. година, издаден од МВР К. и СЕ ЗАБРАНУВА издавање на друга патна исправа за преминување на државната граница на име на обвинетиот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот А.С. од С., еднаш неделно - секој петок во периодот од 12,00 до 14,00 часот да се јавува во Основниот суд Скопје I Скопје, кај службено лице определено од судот.

СЕ ЗАБРАНУВА обвинетиот да ја напушта територијата на РСМ.

Мерките на претпазливост ќе траат се додека постои потреба, а најдолго до правосилност на пресудата, а судот по службена должност на секои два месеци ќе ја преиспитува потребата од траење на мерката.

Доколку обвинетиот не се придржува кон определените мерки на претпазливост судот може да определи друга мерка за обезбедување присуство , согласно член 144 од Законот за кривичната постапка.

3. Спрема обвинетиот Х.Д. од С., од татко Н., мајка Д., роден ………. година во С., со ЕМБГ ………, со лични податоци како во изреката на обжаленото решение против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-4 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,10 часот до 03.03.2019 година до 06,10 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.60/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,10 часот до 02.04.2019 година до 06,10 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.153/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година, како и сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот Х.Д. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ и тоа:

СЕ ЗАБРАНУВА издавање на друга патна исправа за преминување на државната граница на име на обвинетиот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Х.Д. од С., еднаш неделно - секој петок во периодот од 12,00 до 14,00 часот да се јавува во Основниот суд Скопје I Скопје, кај службено лице определено од судот.

СЕ ЗАБРАНУВА обвинетиот да ја напушта територијата на РСМ.

Мерките на претпазливост ќе траат се додека постои потреба, а најдолго до правосилност на пресудата, а судот по службена должност на секои два месеци ќе ја преиспитува потребата од траење на мерката.

Доколку обвинетиот не се придржува кон определените мерки на претпазливост судот може да определи друга мерка за обезбедување присуство , согласно член 144 од Законот за кривичната постапка.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година предлогот за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетите М.Ц., А.С. и Х.Д., сите од С. на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.9/19 од 25.04.2019 година е уважен, мерката куќен притвор и тоа: против обвинетиот М.Ц. од С., со лични податоци како во изреката на обжаленото решение, против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-1 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,05 часот до 03.03.2019 година до 06,05 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.58/19-од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,05 часот до 02.04.2019 година до 06,05 часот, преиначено со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.152/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена, сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година во кривичниот предмет против обвинетиот М.Ц. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжена за 30-триесет дена сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. На обвинетиот му е изречено дека се забранува да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на ул……… Бр……… влез 3 стан број 15, Општина А., С. и му се забранува употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А., при што овластените службени лица од Подрачната ПС во определени временски интервали, ненајавено во текот на 24-часа ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом на наведената адреса во Општина А., С., а за секое непочитување на мерката куќен притвор е задолжена надлежната ПС веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

Против обвинетиот А.С. од С. со лични податоци како во изреката на обжаленото решение мерката куќен притвор е определена со решение на судија на претходна постапка на Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-3 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена, сметано од 01.02.2019 година од 06,15 часот до 03.03.2019 година до 06,15 часот, продолжена со решенија на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.59/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,15 часот до 02.04.2019 година до 06,15 часот и КИОК-КС.бр.116/19 од 02.04.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 02.04.2019 година од 06,15 часот до 02.05.2019 година до 06,15 часот во рамките на кривичниот предмет кој се води против обвинетиот А.С. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжена за 30-триесет дена сметано од 02.05.2019 година од 06,15 часот до 01.06.2019 година до 06,15 часот поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. На обвинетиот А.С. му е забрането да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на бул………. Број …….. во С. и му се забранува употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А. при што овластените службени лица од подрачната ПС во определени временски интервали ненајавено во текот на 24-часа ќе го проверуваат присуството на осомничениот во неговиот дом на наведената адреса во С. а за секое непочитување на мерката куќен притвор е задолжена надлежната ПС веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

Против обвинетиот Х.Д. од С. со лични податоци како во изреката на обжаленото решение против кого била определена мерка притвор со решение на судија на претходна постапка на Основен суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.32/19-4 од 01.02.2019 година во траење од 30-триесет дена и тоа сметано од 01.02.2019 година од 06,10 часот до 03.03.2019 година до 06,10 часот, продолжена со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција на Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.60/19 од 01.03.2019 година за уште 30-триесет дена сметано од 03.03.2019 година од 06,10 часот до 02.04.2019 година до 06,10 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.153/19 од 28.03.2019 година во мерка куќен притвор во траење од 30-триесет дена сметано од 28.03.2019 година до 27.04.2019 година во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот Х.Д. од С. поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, е продолжен за уште 30-триесет дена сметано од 27.04.2019 година до 27.05.2019 година поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. На обвинетиот му е забрането да го напушта местото каде што се спроведува мерката куќен притвор, односно неговиот дом на улица ………... број ……... во населба А., С. и му е забрането употреба на средства за комуникација без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено да продолжи да го спроведува МВР на РСМ СВР С. ПС ОН А., при што овластените службени лица од подрачната ПС во определени временски интервали ненајавено во текот на 24 часа ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом на наведената адреса во Скопје, а за секое непочитување на мерката

куќен притвор е задолжена надлежната ПС веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје.

Во предлогот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција КО.бр.9/19 од 25.04.2019 година, за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетите М.Ц., А.С. и Х.Д., сите од С. е наведено дека сеуште постојат основите од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, со оглед дека на обвинетите им се става на товар кривично дело - „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик, истражната постапка сеуште е во тек и се превземаат истражни дејствија, потребно е да се сослушаат претставници на оштетеното Министерство, како и членови на комисиите и претставници на подрачните единици на ДИЗ, а по потреба да се превземаат и други истражни дејствија, околноста дека обвинетите се стекнале со значителна имотна корист и имаат доволно парични средства да ја напуштат државата и да се дадат во бегство, а ако се имаат во предвид околностите по однос на видот, тежината и висината на запретената казна согласно одредбите од Кривичниот законик, доколку обвинетите бидат пуштени да се бранат од слобода ќе ја попречуваат кривичната постапка, поради што и понатаму постојат причините за продолжување на мерката притвор против обвинетите М.Ц., А.С. и Х.Д., сите од С., а во смисла на член 163 став 1 во врска со член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка.

Незадоволен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, останал обвинетиот М.Ц. од С., кој во законски предвидениот рок преку бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., до овој суд достави навремена жалба, во која е наведено дека не постојат основите за продолжување на мерката притвор од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка, со оглед дека обвинетиот е со нарушена здравствена состојба, опериран е од карцином на дебелото црево на 06.04.2016 година, поради што и понатаму е под постојана терапија и посебен режим на исхрана. Во почетокот на 2018 година, поради проблеми со кичмата обвинетиот не може самостојно да се движи, поради што прима постојана терапија и има препорака за оперативно лекување на кичмениот столб. Обвинетиот е семеен човек, кој никогаш во животот не бил во судир со законот, со сериозно нарушена здравствена состојба, на возраст од 66 години, има семејство и имот во државата, поради што нема да се даде во бегство. Во жалбата се предлага истата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи на начин што ќе се укине мерката куќен притвор и на обвинетиот ќе се определи мерка на претпазливост – јавување во судот еднаш неделно во ден кога ќе го определи судот, или било која друга мерка на претпазливост од член 146 од Законот за кривичната постапка. Во жалбата е истакнат посебен предлог пред Врховниот суд на Република Северна Македонија да се одржи јавна седница на која да бидат повикани обвинетиот М.Ц. од С. и неговиот бранител.

Незадоволен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, останал обвинетиот А.С. од С., кој преку бранителот Љупчо Светиев, адвокат од С., до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесе навремена жалба, на околност дека во образложението на обжаленото решение нема наведено доволно образложени причини за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот. Во случајот не постојат околности кои укажуваат на опасност од бегство на обвинетиот, со оглед дека истиот има стари и болни родители, неподвижна мајка и татко со неколку прележани инфаркти, брат со тешко нарушена здравствена состојба, со кои не може да се види, ниту пак да комуницира. Обвинетиот не го сторил

кривичното дело кое му се става на товар, ниту пак постојат законски основи за продолжување на мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. Обвинетиот никогаш не се дал во бегство, ниту пак ќе се даде во бегство, а исто така не постои реална можност и опасност дека ќе го стори кривичното дело. Во жалбата се предлага истата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи на начин што ќе се укине мерката куќен притвор, истата ќе се замени со друга мерка на претпазливост од член 146 од Законот за кривичната постапка.

Незаводолен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, останал обвинетиот Х.Д. од С. кој преку бранителот Светлана Савиќ, адвокат од С., до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесе навремена жалба, поради сторени суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право, на околност дека образложението на обжаленото решение за продолжување на мерката куќен притвор за обвинетиот е неосновано и паушално, во конкретниот случај се прибавени сите писмени докази за кривичното дело кое му се става на товар на обвинетиот и истите му биле презентирани на увид на обвинетиот. Основните поради кои е определена и продолжена мерката куќен притвор не постојат, поради што во конкретниот случај постојат услови за определување на друга мерка на претпазливост од член 146 став 1 точка 2 од Законот за кривичната постапка, на кој начин ќе се постигнат целите од член 144 од Законот за кривичната постапка, за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на постапката. На обвинетиот веќе му е одземена патната исправа. Обвинетиот е со тешка здравствена состојба, а исто така и членовите на неговото семејство. Во конкретниот случај останува да се изготви наод и мислење на вештите лица, поради што одбраната смета дека определената мерка ќуќен притвор е претешка. Обвинетиот е неосудуван, соработувал во досегашниот тек од постапката, има коректен однос во постапувањето, така што определената мерка куќен притвор има доза на осветољубивост. Во жалбата се предлага, истата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи на начин што ќе се укине мерката куќен притвор и истата ќе се замени со поблага мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката, или ќе му се изрече мерка на претпазливост согласно член 146 од Законот за кривичната постапка.

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, постапувајќи во рамките на законските овластувања, согласно член 421 став 2 во врска со член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка, до овој Суд достави писмен предлог КОЖ.бр.45/19 од 20.05.2019 година, во кој предлага жалбите на обвинетите М.Ц. од С., поднесена преку бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., на А.С. од С., поднесена преку бранителот Љупчо Светиев, адвокат од С. и на Х.Д. од С., поднесена преку бранителот Светлана Савиќ, адвокат од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.261/19 од 25.04.2019 година, да се одбијат како неосновани.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по увидот во списите приложени кон предметот, како и наводите во жалбите, на ден 23.05.2019 година одржа Јавна седница во присуство на обвинетиот М.Ц., бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., а во отсуство на Јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Џелал Бајрами, уредно известен за одржување на истата.

На седницата предлогот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија КОЖ.бр.45/2019 од 20.05.2019 година, беше доставен на одбраната заради запознавање со неговата содржина.

Бранителот Еленко Миланов, адвокат од С., на јавната седница изјави дека во обжаленото решение зборовите: „прибавиле имотна корист“ воопшто не постојат со оглед дека обвинетиот не прибавил никаква имотна корист, туку е причинета евентуална штета. Ова не може да биде како основ за бегство, со оглед дека нема докази во списите на предметот. По изготвената наредба за вештачење, вештачењето сеуште не е направено за што е потребно подолго време, за утврдување на фактите за плаќање и неплаќање, за прибивање со компензации на договори и слично. Нема реални показатели за обвинетиот и нема основ за бегство. Обвинетиот е семеен човек, има имот во К., при приведување е најден во неговиот дом. Неговата патна исправа е предадена на судија во претходна постапка. Со изрекување на некоја мерка на претпазливост - со јавување во одредени периоди во судот е доволна. Изречената мерка куќен притвор е несоодветна за обвинетиот.

Обвинетиот М.Ц. на Јавната седница изјави дека се согласува со одбраната на неговиот бранител, нема прибавено никакви финансиски средства, тој е во години, освен пасошто од државата други пасоши нема. Останува во државата. 4.000 договори треба да се обработуваат, меѓутоа, нема ништо со нив, се работи за дејствија што не потекнуваат од времето кога тој бил министер, туку од претходно време. Каква мерка овој суд и да донесе тој е тука во државата. Има многу придонесено за земјоделието во државата за временски период од две години додека бил министер. За време на неговото работење овозможил зголемен извоз од триста милиони евра на четиристотинипедесет милиони евра. Потпишал договори и од сто милиони евра за развој на земјоделието.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по увидот во списите приложени кон предметот, наводите во жалбите, имајќи го предвид писмениот предлог на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, изјавите на Јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на бранителот на обвинетиот Еленко Миланов и на обвинетиот М.Ц., изнесени на Јавната седница пред овој суд, најде:

Жалбите се основани.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, во конкретниот случај оценува дека за обвинетите М.Ц., А.С. и Х.Д., сите од С., не постојат условите за продолжување на мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка.

Во случајот, видно од поднесените жалби на сите обвинети има околности кои укажуваат на разумни и основани причини за постоење на околности, нужност и оправданост за укинување на мерката куќен притвор и за изрекување на мерки на претпазливост, согласно член 146 од Законот за кривичната постапка.

Имено, со определување на мерки на претпазливост, ќе се оствари целта предвидена со член 144 став 1 од Законот за кривичната постапка, а тоа е обезбедување на присуството на обвинетите и непречено водење на кривичната постапка. Ваквата оценка се заснова на заклучокот дека, во конкретниот случај, нема

потреба од примена на потешка мерка, во услови кога истата цел може да се постигне со поблага мерка за обезбедување на присуството на обвинетите.

При одлучувањето, советот на овој суд ги имаше предвид околностите поврзани со видот, карактерот и тежината на кривичните дела за кои се товарат обвинетите, специфичноста на делата и објектот на заштита, како и видот и висината на предвидените казни.

Со оглед на наведеното, наведените околности поединечно и севкупно во меѓусебна корелација укажуваат дека изречената мерка куќен притвор е некомпатибилна во конкретниот случај за обвинетите М.Ц., А.С. и Х.Д., сите од С., согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. Исто така, во случајот постојат услови кои наложуваат нужност и оправданост за укинување на мерката куќен притвор и за изрекување на мерки на претпазливост од член 146 од Законот за кривичната постапка.

Поради наведеното, советот на овој суд оцени дека не се исполнети условите за продолжување на мерката куќен притвор, односно дека истата цел ќе се постигне и со определување на мерките на претпазливост, децидно наведени во изреката на решението за секој обвинет поединечно за непречено водење на кривичната постапка.

Врз основа на погоре наведеното следуваше овој суд да одлучи како во изреката на решението, а согласно член 146 во врска со член 440 став 1 член 443 став 3 и член 445 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, бр.100/12, бр.142/16 и 198/18).

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 23.05.2019 година под Вкж1.бр.31/2019.

Судски советник - записничар
Соња Строимановска с.р.

Претседател на Судот - советот
Јово Вангеловски с.р.

За точноста на отправокот т в р д и: секретар